**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговските друштва и Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје („Друштвото“) и добиените Предлози од Каменимост Комуникации АД Скопје за реизбор и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото (арх. бр. 219150/1 од 13.4.2023 година) и од Владата на Република Северна Македонија за избор на член на Одборот на директори (арх. бр. 243707/1 од 28.4.2023 година), Собранието на Друштвото на својата годишна седница одржана на ден 30.5.2023 година ја донесе следната:

# Предлог Одлука

## за реизбор и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото

### Член 1

Собранието на Друштвото го реизбира:

- г-дин Владимир Ивановски, државјанин на Република Северна Македонија, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 1 јули 2023 година.

### Член 2

Собранието на Друштвото ги констатира оставките на:

- г-дин Андреас Маиерхофер, државјанин на Австрија, од позицијата Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со примена почнувајќи од 30 мај 2023 година, и
- г-дин Зоран Китанов, државјанин на Република Северна Македонија, од позицијата Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со примена почнувајќи од 30 мај 2023 година.

### Член 3

Собранието на Друштвото ги избира:

- г-ѓа Данијела Бујиќ, државјанин на Република Германија, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 30 мај 2023 година, и
- г-дин Игор Милев, државјанин на Република Северна Македонија, за Неизвршен член на Одборот на директори на Друштвото, со мандат почнувајќи од 30 мај 2023 година.

### Член 4

Мандатот на реизбраниот член и избраните членови на Одборот на директори на Друштвото изнесува 4 години, согласно Статутот на Друштвото.

### Член 5

Собранието на Друштвото го овластува Главниот извршен директор на Друштвото да ги преземе сите потребни дејствија за упис на бришењето на г-дин Андреас Маиерхофер и г-дин Зоран Китанов како членови на Одборот на директори и на ре-изборот и изборот на членовите на Одборот на директори во Трговскиот регистар којшто се води од страна Централниот регистар на Република Северна Македонија.

### Член 6

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**